АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6490 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.“*
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
*(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.“*
- **Член 75-б од Изборниот законик**
*„Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

6. Констатации од надзорот:

Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка 6 и став 2 од Изборниот законик

***Дневно-информативни емисии***

Овој, десетти по ред извештај, се однесува на периодот од 1 до 9 декември, вториот период во кој се анализира изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии во текот на изборната кампања. Примерокот, согласно Методологијата, е проширен на две дневно-информативни емисии од ударното време и опфаќа вкупно шеснаесет изданија вести емитувани во ударните термини, односно девет изданија на Вестите во 18.55 часот, емитувани на албански јазик, и седум изданија на Вестите во 21.55 часот, емитувани на македонски јазик (во сабота и недела не се емитуваат вести на македонски). Вкупното времетраење на анализираните прилози, поврзани со изборниот процес, емитувани во деветдневниот период е 5 часа 48 минути и 2 секунди. Најголем дел од тоа време (5 часа 8 минути и 44 секунди) се однесува на прилозите кои припаѓаат на претежно информативните жанрови, а 39 минути и 18 секунди се новинарски осврти.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Шења | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Претседател на РМ | 00:01:56 | 100,00 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:01:56** | 100 | % |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:10:31 | 5,79 | % |
| Без субјекти | 00:12:19 | 6,78 | % |
| Граѓански сектор | 00:17:05 | 9,40 | % |
| Беса | 00:30:09 | 16,60 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:06:40 | 3,67 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:10:20 | 5,69 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:10:53 | 5,99 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:04:27 | 2,45 | % |
| ДИК и други органи | 00:07:06 | 3,91 | % |
| Други субјекти | 00:21:36 | 11,89 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:11:02 | 6,07 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:37:19 | 20,54 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:33 | 0,85 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:40 | 0,37 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:01:40** | 100 | % |

| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
|---|---|---|---|
| Беса | 00:30:27 | 24,33 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:16:28 | 13,16 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:19:51 | 15,86 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:20:23 | 16,29 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:19:25 | 15,52 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:18:34 | 14,84 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:05:08** | 100 | % |

Со почетокот на изборната кампања, во сила влегува принципот за утврдување на балансот во известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања – според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и имајќи го предвид интензитетот на кампањата. Во двете анализирани изданија на вестите, за известување од активностите во кампањите на коалициите и партиите се издвоени 2 часа 5 минути и 8 секунди (Табела 1). Од четирите политички субјекти кои имаат по седум листи со потврдени кандидати за пратеници, повторно се следени активностите на две коалиции и една партија, а времето е распределено на следниов начин: за Коалицијата предводена од СДСМ – 20 минути и 23 секунди, за Демократската унија за интеграции – 19 минути и 51 секунда, за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 19 минути и 25 секунди. За Коалицијата ВМРО за Македонија нема информации. Од трите политички субјекти коишто имаат по пет листи со потврдени кандидати за пратеници (ДПА, Левица и ЛП), следени се активностите на Демократската партија на Албанците – 18 минути и 34 секунди. Не се емитувани информации за Левица и Либерална партија. За активностите на двата политички субјекта кои имаат по четири листи со потврдени кандидати, одвоеното време изгледа вака: за Движењето Беса – 30 минути и 27 секунди (од кои 22 минути и 8 секунди се однесуваат на известувања од митинзи на партијата и средби со граѓаните, а 8 минути и 19 секунди се извештаи од прес-конференции и соопшенија на Беса, за изнесени нивни ставови по некое актуелно прашање или настан) и за Коалицијата „Алијанса за Албанците" (ДПА-ДР, Унитети, НДП) – 16 минути и 28 секунди. Не се емитувани информации за активностите на Коалицијата за промени и правда (со шест потврдени листи) и за ПДП (со една листа).

Повторно, и во овој извештаен период како и во претходниот, во повеќе наврати, при известувањето за кампањите (митинзи, средби со граѓани) на три политички субјекти (Коалицијата „Алијанса за Албанците", ДПА, Движењето Беса), медиумот емитуваше снимки од настаните, технички со послаб квалитет, најверојатно направени со мобилен телефон. Снимките беа емитувани на средишниот дел од екранот, со полош квалитет отколку стандардните направени со камера.

Вкупното времетраење на прилозите што влегуваат во категоријата други теми поврзани со избори е 3 часа 1 минута и 40 секунди (Табела 1). Во оваа тема, може да се рече, доминираат прилозите во кои се изнесени ставовите на експертите/аналитичарите и на претставниците на граѓанскиот сектор, за прашања поврзани со изборниот процес. Информирано е и за активностите на странски субјекти, кога нивното појавување било поврзано со изборниот процес кај нас, за работата на Државната изборна комисија итн. Движењето Беса се појавува во оваа тема поради прилозите поврзани со: средбата на партиски претставници со Стопанската комора на Северозападна Македонија на иницијатива на комората, партиските извештаи поднесени до ДИК во врска со трошоците за кампања во првите 10 дена, средбата на партиски претставници со евроамбасадорот Жбогар, средбата со политичките затвореници-Албанци, поддршката за невладината организација „Еко герила", нападот врз штаб на партијата во Слатино, гостувањата на потпретседателот и претседателот на Движењето Беса во информативната емисија „Арена" (извадоци од емисиите), партиските ветувања во изборната кампања. Коалицијата предводена од СДСМ се јавува во прилозите за: партиските извештаи поднесени до ДИК во врска со трошоците за кампања во првите 10 дена, гостувањето на претставник на коалицијата во емисијата „Арена" (извадок од емисијата), интервјуто на претседателот на СДСМ дадено за Радио Слободна Европа, непотпишувањето на декларацијата на

невладината организација „Еко Герила", партиските ветувања во изборната кампања. Демократската унија за интеграции се јавува во категоријата други теми поврзани со изборите поради прилозите за: партиските извештаи поднесени до ДИК во врска со трошоците за кампања во првите 10 дена, непотпишувањето на декларацијата на невладината организација „Еко Герила", пукањето на прослава на која учествуваат видни функционери на ДУИ, партиските ветувања во изборната кампања. Коалицијата „Алијанса за Албанците" (Унитети, ДПА-ДР, НДП) е дел од оваа тема поради прилозите во коишто се говори за овој политички субјект, а поврзани со: гостувањето на дел од кандидатките за пратенички на коалицијата во емисијата „Арена" (извадок од емисијата), извештаите поднесени до ДИК во врска со трошоците за кампања во првите 10 дена, поддршката за невладината организација „Еко герила", партиските ветувања во изборната кампања. Демократската партија на Албанците се појавува во прилозите за: партиските извештаи поднесени до ДИК во врска со трошоците за кампања во првите 10 дена, интервјуто на претседателот на ДПА дадено за Радио Слободна Европа, поддршката за невладината организација „Еко герила", партиските ветувања во изборната кампања. Поднесените извештаи до ДИК за финансиските трошоци во првите 10 дена, непотпишувањето на декларацијата на невладината организација „Еко Герила" и збирниот прилог за партиските ветувања во изборната кампања, се прилозите во коишто е присутна Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Партијата за демократски просперитет е дел од прилогот посветен на поддршката што неколку партии/коалиции ја дале на невладината организација „Еко герила", застанувајќи зад нејзината декларација.

Времето на директните обраќања е збирно од сите прилози коишто припаѓаат на некоја од трите теми прикажани во Табела 1 (активности на органи на власт, други теми поврзани со избори, активности на учесници во изборна кампања и кандидати). (Табела 2).

***<u>Табела 2: Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Шења | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Беса | 00:20:19 | 18,98 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:33 | 5,18 | % |
| Други субјекти | 00:07:52 | 7,35 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:10:41 | 9,98 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:09:21 | 8,73 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:11:49 | 11,04 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:11:04 | 10,34 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:10:38 | 9,93 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:14:10 | 13,23 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:18 | 0,28 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:34 | 4,27 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:45 | 0,70 | % |
| **Вкупно:** | **01:47:04** | 100 | % |

Емитувани се пет новинарски осврти во Вестите на албански јазик и истите се емитувани и во вечерните вести на македонски јазик. Вкупното нивно времетраење е 39 минути и 18 секунди. Првиот на тема „Инвестициите на ДУИ, ни на небо ни на земја" (трае 3 минути и 55 секунди) се однесува на ветените проекти на партијата од претходните изборни циклуси, кои се дел и од програмата за овие избори, при што е изнесен критички став кон ДУИ. Вториот новинарски осврт е повторно на слична тема, проектите на ДУИ, именуван „Ахмети, кампања со одолговлечени и незавршани проекти" (трае 3 минути и 20 секунди), со критички став за

ДУИ. Во третиот осврт „Две години политичка криза, причини и одговорности" (трае 5 минути и 29 секунди) се прави рекапитулација на настаните за време на политичката криза. Четвртиот осврт насловен „Цар Душан и денес стои исправен во Скопје" е посветен на споменикот на Цар Душан, поставен во центарот на Скопје, кој во минатото ДУИ се обиде да го урне. Во осврт има критички став кон ДУИ. Последниот осврт „Криза – Двегодишниот мандат на Владата ВМРО ДПМНЕ – ДУИ" (трае 4 минути и 57 секунди) се однесува на периодот од почетокот на кризата.

## Посебни информативни емисии

### Дебати

Во рамки на извештајниот период, од 1 до 9 декември, е емитувано само едно премиерно дебатно издание, реализирано во емисијата „Арена", на 7 декември. За изборите во Македонија и за политичките платформи на партиите и коалициите, во студиото на ТВ Шења дискутираа политичките аналитичари од Албанија, Фитим Зекри, Егус Мертири и Агим Бачи. Емисијата е репризирана наредниот ден, 8 декември.

### Интервјуа

Емитувани се три интервјуа, сите во рамки на емисијата „Арена", и осум репризи, четири на изданијата реализирани во овој извештаен период и четири реприզи од претходниот период.

Првото интервју е од 1 декември, со носителот на листа со кандидати за пратеници во втората изборна единица од редовите на Коалицијата предводена од СДСМ, Оливер Спасовски. Се дискутираше за текот на кампањата, програмата на коалицијата, валидноста на избирачкиот список, двојазичноста. Разговорот беше два пати репризиран, на 2 и 4 декември.

Гостин во изданието на „Арена" од 6 декември беше Зечирија Ибрахими, потпретседател на Движењето Беса. Се разговараше за текот на кампањата и за политичката платформа на партијата со која настапува пред гласачите. Раговорот е репризиран на 7 декември.

Последното интервју беше со претседателот на Движењето Беса, Билал Касами, на 8 декември. Текот на кампањата и политичката платформа на Беса, беа повторно во фокусот на разговорот. Интервјуто беше репризирано на 9 декември.

Во рамки на овој последен извештаен период, по два пати беа репризирани интервјуата реализирани во претходниот период (од 21 до 30 ноември), со кандидатките за пратенички од редовите на Беса и Коалицијата „Алијанса за Албанците". Репризите беа емитувани на 1, 3 и 4 декември.

### Друга информативна програма

На 2 декември е емитувано премиерно издание на емисијата „Траги", во којашто се зборува за ветената, а нереализирана програма на ДУИ од изборите во 2014 година. Емисијата е репризирана на 3 декември. Во емисијата од 9 декември, се говори за неколку теми: Бомбите на опозицијата; Случајот „Дива населба" од Куманово; Поплавите од август во скопско; Затворањето на фабриката Југохром.

На 4 декември е емитувано едно премиерно издание на информативната емисија „Неделно ретро“ (Retro javore), една реприза на тоа издание, и една реприза на изданието на емисијата од 27 ноември. Емисијата прави пресек на најважните неделни настани, дел посветени и на изборните случувања.

На 7 декември е емитувана истражувачка сторија, како дел од проектите финансирани од УСАИД, во врска со дел од ветените проекти на владините партнери ВМРО ДПМНЕ и ДУИ во претходните изборни процеси во неколку населени места, кои не се до крај или воопшто не се реализирани.

На 9 декември е емитувана и една документарна емисија, насловена „Вистината за 9-ти Мај“, посветена на случувањата во „Дива населба“ во Куманово.

*Сектор за програмски работи*